12. 870/25
03 -08- 2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, на продолжението на 50-тата седница одржано на 22.07.2021 година ја донесе следната

О Д Л У К А

СЕ ЗАПИРА постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од познат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-5038/1 од 01.11.2019 година.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 12-5038/1 од 01.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5038/1 од 01.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – група подносители.

Во пријавата се укажува на извршување на повеќе кривични дела преку злоупотреба на финансиските средства од страна на раководни лица во Исламската верска заедница (ИВЗ) и противправно стекнување на лична имотна корист преку злоупотреба на паричните средства донирани од страна на верниците, физички и правни лица. Пријавата е копија на Кривична пријава поднесена до Основното јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на 30.10.2019 година со прилог 116 докази, а на запознавање и постапување согласно нивните законски надлежности е доставена и до други институции во Република Северна Македонија.

Со цел утврдување на фактичката состојба, при постапувањето по ова пријава ДКСК направи анализа на законската регулатива која се однесува на оваа проблематика.

Имено, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има директна надлежност над извршувањето на службената должност и јавните овластувања од службените лица кои според член 8 став (2) од истиот закон се сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор. Лицата кои што го организираат верскиот живот и ги претставуваат верниците во Република Северна Македонија немаат статус на службени лица согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Но, согласно член 2 став (2) од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група ("Службен весник на Република Македонија" бр.113/07), верски службеник е лице

кое е во служба и со своето верско убедување и припаѓа на црква, верска заедница и религиозна група и врши верско-обредни, просветни, организациски и добротворни активности во согласност со нормите на врховниот орган на својата регистрирана црква, верска заедница и религиозна група, кои се во согласност со Уставот, законите и правните прописи во Република Северна Македонија.

Останати релевантни одредби од истиот закон се следните:

Член 7 став (1) - " Црквата, верската заедница и религиозната група своите активности ги вршат согласно со позитивните законски прописи на Република Македонија, меѓународните декларации и конвенции за слободата на вероисповедта и изразувањето на верата";

Член 9 став (1) - "Црква, верска заедница и религиозна група се запишуваат во Единствениот судски регистар на црквите, верските заедници и религиозните групи (во натамошниот текст: надлежниот регистар), со што стекнуваат својство на правно лице" и

Член 33

„(1) Црквата, верската заедница и религиозната група самостојно располагаат со стекнатите приходи, во согласност со закон и со прописите на црквата, верската заедница и религиозната група.

(2) Финансирањето на црквата, верската заедница и религиозната група, како и трошењето на финансиските средства е според регулативата за непрофитните организации и организациите од јавен интерес."

Црквата, верската заедница и религиозната група не се исклучени од обврските спрема државните органи што произлегуваат од нивното финансиско работење што се докажува со членот 1 од Законот за сметководството на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" бр.24/03, 17/11 и 154/15), каде се вели дека со овој закон се уредува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи, доставувањето на финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството на стопанската интересна заедница, здруженија на граѓани и фондации, други облици на здружување, политичките партии, верските заедници, религиозните групи и други, Црвениот крст на Република Македонија, здруженија на странци, странски и меѓународни невладини организации, хуманитарни организации и здруженија, синдикатите и други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, доколку поинаку не е регулирано со друг пропис.

Во Законот за сметководството на непрофитните организации се предвидени следните обврски за непрофитните организации:

Член 2: „Непрофитните организации се должни да водат сметководство, составуваат и поднесуваат сметководствени искази во согласност со овој закон и прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди доколку не се во спротивност со овој закон или друг пропис, со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето";

Член 3: „Непрофитните организации се должни да го водат сметководството по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план за непрофитните организации.";

Член 17 став (1),(8)и (9):

„(1) Непрофитните организации се должни да состават основни финансиски извештаи и тоа: биланс на состојбата, биланс на приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи.

(8) Обликот и содржината на финансиските извештаи од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

(9) Основните финансиски извештаи од ставот (1) на овој член ги потпишува законскиот претставник на непрофитната организација или лицето коешто тој ќе го овласти.";

Член 19: „Непрофитните организации се должни годишните сметки да ги достават до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година, односно во рок од 60 дена од денот на настанувањето на статусна промена."

Согласно член 20 став (1) точка 7), глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на непрофитната организација, ако не ја достави годишната сметка до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар во законски определениот рок (член 19). Согласно член 20-б став (1) од Законот за сметководството на непрофитните организации, за прекршокот од членот 20 став (1) точка 7) од овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Централниот регистар на Република Македонија.

Од горенаведената анализа на правната регулатива која се однесува на статусот, положбата и материјалното финансиско работење на непрофитните организации и од анализа на 116 документи и докази доставени во прилог на пријавата, ДКСК согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, оформи предмет врз основа на добиената пријава и заради проверка на наводите кои се однесуваат на сомневањата за евентуална злоупотреба на службената положба и овластување или пропуштање на законски дејствија од страна на службените лица на надлежните органи по однос на надзор на финансиското работење, достави барање за прибирање на информации и податоци до Централниот регистар, Управата за јавни приходи и Министерството за финансии на РСМ.

Од добиениот одговор од страна на Управата за јавни приходи ДКСК се известува дека за даночниот обврзник Исламска верска заедница во тек е надворешна контрола за период од 01.01.2014 до 21.12.2028 година и дека записникот од истата ќе и биде доставен на ДКСК дополнително, но истиот не е доставен.

Од добиениот одговор од страна на Комисијата за координација на работата на Комисиите што одлучуваат по барањата за денационализација произлегува дека на Исламска верска заедница по основ на денационализација во последните десет години со правосилни решенија е вратен недвижен имот земјиште со вкупна површина од 48.185 м² и објекти со површина од 210 м². Вкупниот износ на запишаните обврзници во последните десет години изнесува 559.598.975.00 денари односно 9.096.896 евра.

Од добиениот одговор со прилог информација од Централниот регистар, од обработена годишна сметка на чинителот Исламска Верска Заедница, од самиот Централен регистар е констатирано дека наведениот чинител за последните 5 години нема поднесено годишна сметка. Исто така, во прилог е доставена и информацијата дека до моментот на изготвување на известувањето по барање на ДКСК не се евидентирани податоци за правосилна прекршочна судска одлука доставена од надлежен суд кај правното лице Исламска Верска Заедница.

Од горенаведеното Државната комисија заклучи дека од страна на Централниот регистар на РСМ не е постапено согласно со:

- членот 61 став (1) од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица:

„на субјектот на упис којшто не доставил годишна сметка или финансиски извештај до Централниот регистар, Централниот регистар му доделува статус „неактивен" што се прибележува во неговата регистрација и се објавува на веб страницата на Централниот регистар;

- членот 20-а од Законот за сметководство на непрофитните организации, односно не е поведена прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоците утврдени во членот 20 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5) и 6);

- членот 20-б од Законот за сметководство на непрофитните организации , односно не е водена постапка и не се изречени прекршочни санкции за прекршокот од членот 20 став (1) точка 7) од овој закон.

Имајќи го предвид сето горенаведено, ДКСК до Управниот одбор на Централниот регистар поднесе Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на Директорот на Централниот регистар – ----------.

Од страна на Управниот одбор на Централниот регистар е доставен одговор на поднесената иницијатива, со кој се известува ДКСК дека сметаат дека одговорното лице на Централниот регистар постапил согласно своите надлежности. Имено, поради тоа што со Законот за сметководство на непрофитните организации не е задолжително доставувањето на финансиски извештаи, Централниот регистар не поведувал постапка. Исто така, се наведува дека Централниот регистар не е истражен туку евидентен орган и постапувал согласно своите надлежности.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба од постапувањето во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш., Советник
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Претседател
Билјана Ивановска